**20091102104**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 161 став 1 алинеја 3 од Законот за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 92/09), министерот за внатрешни работи донесе

## РЕШЕНИЕ ЗА ЦЕНИТЕ НА ОБРАСЦИТЕ ШТО ГИ ИЗДАВА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

I. Цените на обрасците што ги издава Министерството за внатрешни работи, изнесуваат за:

| | |
|---|---|
| 1. Лична карта……………………….. | 190,00 денари |
| 2. Возачка дозвола………………….. | 280,00 денари |
| 3. Сообраќајна дозвола за регистрирано возило | 200,00 денари |
| 4. Сообраќајна дозвола за регистрирано возило земјоделски трактор…... | 200,00 денари |
| 5. Потврда за регистрација за регистрирано возило……… | 200,00 денари |
| 6. Потврда за привремена регистрација на возило………… | 200,00 денари |
| 7. Дозвола за оружје………………… | 200,00 денари |
| 8. Дозвола за поседување на оружје.. | 200,00 денари |
| 9. Дозвола за носење на оружје…….. | 250,00 денари |
| 10. Тест за полагање на возачки испит | 150,00 денари |
| 11. Пробен тест за проверка на знаење на кандидат за возач…………….. | 100,00 денари |
| 12. Извод од матична книга на родени за употреба во странство и земјата | 50,00 денари |
| 13. Извод од матична книга на венчани за употреба во странство и земјата.. | 50,00 денари |
| 14. Извод од матична книга на умрени за употреба во странство и земјата | 50,00 денари |
| 15. Инструкторска дозвола………… | 200,00 денари |
| 16. Пасош.......................................... | 1.500,00 денари |
| 17. Дипломатски пасош…………….. | 1.500,00 денари |
| 18. Службен пасош………………….. | 1.500,00 денари |
| 19. Заеднички пасош………………... | 2.000,00 денари |
| 20. Патен лист……………………….. | 100,00 денари |
| 21. Пасош за странец………………... | 1.500,00 денари |
| 22. Дозвола за постојан престој……. | 190,00 денари |
| 23. Патна исправа за лице без државјанство…………………………… | 500,00 денари |
| 24. Дозвола за привремен престој….. | 190,00 денари |
| 25. Патна исправа за признаен бегалец | 200,00 денари |
| 26. Лична карта за лице под супсидијарна заштита…………………... | 50,00 денари |
| 27. Лична карта за признаен бегалец | 50,00 денари |
| 28. Пропусница за албанската граница премин на македонско…………... | 600,00 денари |
| 29. Уверение за државјанство……… | 50,00 денари |

30. Записник за увид на лице место
- на барање на физичко лице……….. 100,00 денари
- на правно лице................................ 300,00 денари
31. Скица од извршен увид на лице место
- на барање на физичко лице……….. 150,00 денари
- на правно лице……………………... 450,00 денари
32. Потврда за извршен увид на лице место
- на барање на физичко лице............. 50,00 денари
- на правно лице……………………... 150,00 денари
33.Возачка книшка………………….. 100,00 денари
34. Лиценца за вршење на детективска дејност 30.000,00 денари
35. Легитимација за вршење на детективска дејност 6.000,00 денари

Цената на образецот наведен во делот I во точката 2 на ова решение се зголемува три пати, ако по барање на граѓанинот се издава најдоцна во рок од 48 часа од часот на поднесување на барањето за издавање на возачка дозвола.

Цената на образецот наведен во делот I, во точката 16, на ова решение се зголемува три пати, ако по барање на граѓанинот се издава најдоцна во рок од 48 часа од часот на поднесување на барањето за издавање на пасош, освен ако се издава поради лекување во странство, смрт или тешка болест во семејството.

II. Усогласувањето на цените на обрасците наведени во делот 1 на ова решение ќе се врши во зависност од корекцијата на цените на производителите.

III. Со денот на влегување во сила на ова решение престанува да важи Решението за цените на обрасците што се употребуваат во Министерството за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија" бр. 30/95, 28/98, 97/00, 9/04, 40/07, 116/07, 119/07, 133/07,108/08,127/08 и 88/09).

IV. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 14.1-56083/1
31 август 2009 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
м-р **Гордана Јанкулоска**, с.р.